РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-424
17.02 2015 година
С к о п ј е

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-1151/1 од 13.02.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради не почитување на правилата за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации, од страна на Трговско радиодифузно друштво Телевизија КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата на ден 17.02.2015 година го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговско радиодифузно друштво Телевизија КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 55 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14), на начин што на 4 февруари 2015 година, на програмскиот сервис на ТРД ТВ Канал 5 ДООЕЛ Скопје, во програмите „Ѕвездите на Гранд" и „Ѕвездите на Гранд - специјал" не е јасно означено пласирањето производи.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1151/1 од 13.02.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговско радиодифузно друштво Телевизија КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.
Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на

одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој Закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи - Одделението за програмски и административен надзор, на 12 февруари 2015 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво Телевизија КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4 февруари 2015 година, при што со помош на системот на мониторинг констатираше дека во изданието од 4 февруари 2015 година, спротивно на член 55 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на програмскиот сервис на ТРД ТВ Канал 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4 февруари 2015 година, во програмите „Ѕвездите на Гранд“ и „Ѕвездите на Гранд - специјал“ не е јасно означено пласирањето производи. Имено, во изданието од 4 февруари 2015 година, на „Ѕвездите на Гранд“, реалното-шоу конципирано како натпревар меѓу анонимни изведувачи со талент за музика, во просторот зад сцената од каде што се презентираат кандидатите, се појавува банер за електронските цигари „*e-Feel*“. За време на сценскиот настап, во кадрите што ја прикажуваат жири – комисијата, се појавуваат и брендираните шишиња на пијалакот „*Tiki drink*“. Исто така, во изданието од 4 февруари 2015 година, на програмата „Ѕвездите на Гранд - специјал“, што е комплементарен дел од целата концепција на споменатото музичко-реално шоу, одредени елементи од сценографијата видливо ги прикажуваат заштитните знаци на: „*Yumis супи*“, „*Femisan A*“ и „*Venogel*“.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1151/1 од 13.02.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1151/1 од 13.02.2015 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон ТРД Телевизија КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, се презема мерка – опомена и со кое на радиодифузерот му наложи, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Директор

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1151/1 од 13.02.2015 година.

**Доставено до:**

- Трговско радиодифузно друштво Телевизија КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговско радиодифузно друштво Телевизија КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.